Врз основа на Одлуката за доделување субвенции на граѓаните на Општина Гевгелија за купување велосипед бр.09-1074/1 од 29.06.2023 година (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.7/23 г. ), Општина Гевгелија објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на граѓаните на Општина Гевгелија за купување велосипеди во 2023 година

1.**Опис на јавниот повик**

Општина Гевгелија, со цел да ги стимулира жителите на Општина Гевгелија да користат велосипеди, на граѓаните кои ќе купат нов велосипед, ќе им надомести дел од трошоците во износ од 5.000,00 денари со вклучен персонален данок на доход.

Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето се до исцрпувањето на предвидените буџетски средства за оваа намена

Барањата од Јавниот повик ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето, односно по принципот ,,прв дојден прв услужен“.

**2.Право на учество на Јавниот повик**

На Јавниот повик може да учествува лице кое ги исполнува следните услови:

-да е полнолетен жител на Општина Гевгелија;

-да е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;

-во домаќинството да нема друг член што поднел барање за добивање на ваков вид на субвенција.

Право на субвенционирање имаат лицата кои велосипедот го купиле во периодот од 1 април 2023 година се до моментот на исцрпување на средствата.

Барањата кои ќе бидат некомплетни и поднесени после истекот на рокот утврден во јавниот повик ќе бидат одбиени или отфрлени со решение на Градоначалникот на Општина Гевгелија со образложение на причините за тоа.

Лицата кои добиле надоместок за купување на велосипед во претходната година, немаат право да учествуваат на јавниот повик и нивните барања ќе бидат отфрлени.

Барањата со потребната документација се доставуват во просториите на Општина Гевгелија секој работен ден од 08-16 часот, **почнувајќи од 17.07.2023 година.**


Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

**3. Потребни документи:**

Лицето кое ќе поднесе барање за доделување на субвенција за велосипед со барањето треба да ги достави следните документи:

-копија од важечка лична карта или важечка патна исправа;

-копија од трансакциска сметка;

-изјава за давање согласност за користење на лични податоци;

-потврда од Општина Гевгелија дека е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;

-доказ дека велосипедот е купен од трговци кои дејноста ја обавуваат на територијата на Општина Гевгелија со приложување на фискална сметка.

**4.Начин на спроведување на јавниот повик**

Постапката за субвенционирање на велосипед ќе ја спроведе комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија од редот на вработените во општинската администрација.

Градоначалникот, на предлог на комисијата ќе донесе решение за усвојување на барањето на барателите кои ги исполниле условите предвидени во јавниот повик.

Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исцрпување на предвидените средства за оваа намена.

Бр.09-1182/2
14.07.2023 год.
Гевгелија

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**